*Билјана ВАНКОВСКА*

**УДК: 355.45:341.232.1(100-622НАТО:477)**
**327.51(100-622НАТО):32(73)**
Изворен научен труд

# ИДНИНАТА НА НАТО ВО СВЕТЛИНАТА НА ВОЈНАТА ВО УКРАИНА

***Кратка содржина:***

*Војната врз Украина, која започна на 24 февруари 2022 година со инвазија на вооружените сили на Руската Федерација, претставува настан со потенцијал да предизвика тектонски промени во досегашниот политички, безбедносен и економски меѓународен поредок, вклучувајќи ја и можноста од нуклеарен судир. Како и другите меѓународни организации, така и НАТО е принуден да ја преиспита својата положба во мултиполарниот свет. Централниот истражувачки проблем на овој труд е разграничувањето на стварните карактеристики и моќ на Алијансата од митот на кој таа почива веќе три децении. Трудот се фокусира на потрагата по одговори за реалната моќ на Алијансата во новиот мултиполарен меѓународен систем, како и на иднината на европскиот безбедносен поредок (посебно низ призма на односите на НАТО и ЕУ). Клучната хипотеза е дека текот на настаните (во Украина, но и растот на мултиполаризмот) беше предвидлив. Причините за војната беа длабоко вградени во темелите на хибридниот меѓународен систем. Прелиминарниот заклучок е дека во мултиполарниот поредок, НАТО (иако навидум зајакнат и проширен) ќе се соочи со својата ирелевантност. Тезата за „глобално НАТО" е само превез зад кој се крие лимитираната мисија на Алијансата како инструмент на американската политика во Европа. Поради војната во Украина, ЕУ (но и ОБСЕ) ќе остане не само без сопствен безбедносен систем, туку и целосно зависна на економски, политички и воен план од Вашингтон. Проширувањето на НАТО го досегнува својот максимум, заедно со неговата првенствено европска парадигма. На глобален план, САД ќе се потпира на сопствените сили и на другите сојузници со волја да се приклучат на она што сега се именува како „колективен Запад".*

***Клучни зборови:*** *НАТО, РУСИЈА, УКРАИНА, ВОЈНА, ПРОШИРУВАЊЕ, МУЛТИПОЛАРЕН СИСТЕМ*

## *1. Пролог: За еден замислен колективен систем на одбрана*

Основањето на Организацијата на обединетите нации (ООН), веднаш по завршувањето на Втората светска војна, беше резултат на новиот геополитички однос на силите во светот, но и израз на заложбата (дури и

во емотивна смисла) никогаш повеќе светот да не се втурне во слична катастрофа. Не случајно, преамбулата на Повелбата на ООН ја нагласи желбата идните генерации да се поштедат од ужасите на војната. Таа требаше да креира меѓународно правен контекст во кој не само употребата на сила, туку и заканата со употреба на сила, ќе бидат ставени вон законот, т.е. ќе стане чин на злосторство и предмет на осуда.

Правото на самоодбрана на државите, клучните актери на меѓународниот систем, е гарантирано со членот 51, во кој лежи и меѓународно правната основа за организирање не само на национален систем за одбрана, туку и на колективната одбрана преку регионални безбедносни аранжмани. Оваа втора димензија подоцна ќе послужи за основање на НАТО и на Варшавскиот договор. На глобален план, сепак, доминантно место требаше да има колективниот систем на ООН, почнувајќи од Советот за безбедност како орган одговорен за светскиот мир и безбедност, сè до колективна и солидарна воена структура која во случај на потреба (на агресија врз една или врз повеќе членки на ОН) би се активирала во одбранбена акција. Всушност, механизмот на колективна одбрана на ОН во неговата оригинерна замисла беше олицетворение на некое универзално „НАТО" (онака како што денес го сфаќаат неговите членки и земјите што сакаат да му се приклучат), со претпоставка дека нападот врз една членка на ООН е напад врз сите, кои автоматски ќе се вклучат во одбрана од агресорот.

Не мина долго, а замислениот колективен систем на ОН се распрсна како меур од сапуница под притисок на реал-политиката. Најважниот дел од Повелбата (оној за мир со мирни средства и за механизмите за одржување на светскиот мир и безбедност) се покажа како неостварлива фантазија. Постепено и амбициите на ОН почнаа да се редефинираат и намалуваат, па така дури и почна да се зборува за глава од Повелбата која не постои – за хибридниот спој на главата 6 и главата 7 (глава 6,5). Таа стана правна основа за операциите за чување на мирот, феномен кој првично воопшто и не беше предвиден.

Темата на овој труд има друг фокус, па не се задржуваме на промените низ кои мина ООН и на нејзината маргинализирана улога, и тоа во миг кога е најпотребна универзална организација која би ги претставувала совеста и разумот во драматични моменти за светот. Политиката на сила, претставена во постојаното членство на петте најсилни држави (во тоа време), со право на вето во органот кој би требало да одлучува за активирањето на воените сили на ООН (т.е. во Советот за безбедност), (о)стана доминантна. Оттогаш меѓународното право и моралот во водењето на односите меѓу нациите/државите се фрлени во сенка или уште полошо – злоупотребувани зависно од толкувањето и од интересите на моќните.

Оние држави што барем за кратко време беа сојузници во борбата против Силите на оската (Германија, Италија и Јапонија) не губеа време во повоеното разграничување. Поделбата на светот на сфери на влијание под превез на непомирливи идеолошко-политички разлики (меѓу капита-

лизмот и социјализмот), всушност, беше темелот врз кој функционираше ООН во најдолгиот период на своето постоење, т.е. во ерата на биполаризмот (Првата студена војна). Балансот на силите на двата воено-политички блока го чуваше светот од нуклеарен судир, но коегзистираше со голем број војни преку посредници (прокси). Таквиот систем се покажа многу постабилен и поради изедначеноста на силите и балансот на стравот, така што не зачудува што Мершајмер одамна напиша дека светот ќе жали по тој поредок.

Во доминантниот западен наратив, НАТО е регионален систем за колективна безбедност создаден како реакција на советската агресивна политика, а не производ на автентичната желба на државите членки. Оттука, и дефиницијата за „одбранбена алијанса", иако нејзините воени доктрини и вооружување се далеку од (само) одбранбени. Причината за создавањето на воен блок на западни демократии се наоѓа во наводната закана од една земја, СССР (или во ширењето на комунизмот). Поумерената варијанта објаснува дека создавањето на НАТО и на Варшавскиот договор бил наводно симултан процес. Фактите зборуваат дека на сцената прво се појави Северноатлантската алијанса (во април 1949 година), и тоа првенствено со цел поразената Германија да ја стави под контрола, а потоа да одговори на „црвената закана". Варшавскиот договор (основан во мај 1955 год.), кој ги опфати земјите од т.н. Источен блок, беше повеќе реакција отколку однапред смислена агресивна мерка кон Западот. Дури и ако се прифати призмата за двата воени блока како две страни на ист процес (на зголемена геополитичка недоверба и ривалство), сепак теориското објаснување се сведува на концептот на безбедносна дилема.

Двата воени блока, како што веќе рековме, си ги мереа силите преку прокси војување во други делови на светот, подалеку од нивните територии, ја стимулираа трката во вооружување и натпреварот во воена технологија до степен на заемно гарантирано уништување (MAD, mutually assured destruction). Истовремено, двата хегемони (САД и СССР) преку политиката на стравот ја гарантираа и одржуваа и внатрешната кохезија во својот двор, така што нивните сателити или ја признаваа зависноста од најмоќниот или во случај на непослушност беа предмет на интервенција (случајот на Чехословачка во 1968 е најпознатиот пример на примена на т.н. Брежњева доктрина на ограничен суверенитет).

Митот за НАТО доминира над историските факти, кои не само што се непријатни, туку се и исклучително деликатни. Навидум, Западот користеше посуптилни методи за ограничување на секоја дисидентска критика на капитализмот и милитаризмот (Rockhill 2017, 2022). Исклучок е секако феноменот на мекартизмот во САД, но и операцијата „Гладио", која освен создавање на „тајна армија" на герилци и саботери, дејствувала и против лево-ориентираните сили во западните земји (Ganser 2004). Во однос на создавањето на НАТО, битни се најмалку два факти. Прво, неговото создавање (како начин на задржување на американското присуство во

Европа во институционализиран и потраен вид) во прв момент не е дочекано со голем ентузијазам од страна на американскиот естаблишмент, кој во тоа време сè уште ја негува доктрината на изолационизмот. Но, европските сојузници инсистираат на воен сојуз, колку од страв од повторниот раст на Германија, толку и поради стравот од СССР. Потребно беше да се спроведат доста акции на убедување дека САД има национални интереси на европска почва, а потоа и да се работи на прифаќање на новиот воен сојуз меѓу европските држави, што беше примарна задача на првиот Генерален секретар, Лордот Исмаји (1954). Меѓутоа, она што малку се знае, иако е добро документирано, е што веднаш по завршувањето на војната, американската Влада дискретно интегрира значаен број нацистички колаборатори (воени и други експерти и научници), потоа организирајќи ги во меѓународна мрежа за борба против комунизмот. Според Џон Лофтус (John Loftus 2010), до 1952 година стотици, ако не и илјадници, значајни нацистички колаборатори од Белорусија, Украина, балтичките и балканските земји биле донесени во САД, додека голем број останале како оперативци во други делови на светот.

### *2. Во потрага по мисија: НАТО од Првата до Втората студена војна*

Падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година е неодминлив рефрен во елаборацијата на крајот на Студената војна, и речиси да нема автор кој се занимава со меѓународните односи да не реферира на овој симболичен чин, со кој наводно се урна Железната завеса меѓу Истокот и Западот. Парадигмата на новото време полно со надеж за дефинитивен триумф на либералната демократија беше, всушност, антиципирана не само во канцелариите на ЦИА, туку и во академските кругови. Фукујама беше првиот кој оваа дефинитивна победа на западната демократија ја објави во летото 1989 година во статија, а потоа и во книга, која со децении ќе биде еден од најцитираните академски извори (Fukuyama 1992). Иако одреден број теоретичари влегоа во полемика со тезата за „крајот на историјата“ нудејќи не толку оптимистички верзии за светот што доаѓа, сепак дури војната во Украина од 2022 година го наметна она што дотогаш само срамежливо се поставуваше како прашање (главно во критичките кругови и тие на мировните студии): ако биполаризмот навистина замина во минатото, а Варшавскиот договор се распадна (заедно со хегемонот што го создаде), тогаш која беше/е смислата на одржување на прворoдениот воен блок, НАТО?

Според познатиот слоган на лордот Исмаји, првичната цел на организацијата беше да се држат Германците долу, Советскиот Сојуз надвор, а Американците внатре (цитирано според Киркова 2010, стр. 9). СССР се распадна, па така исчезна архетипскиот непријател. Од друга страна, Германија се обедини (со дозвола на последниот советски лидер, Михаил Горбачов), а САД навистина останаа на европскиот континент. Во годините што следуваа, вооружените сили на САД и на другите држави подгот-

вувани за глобален фронтален судир (вклучително и за нуклеарна војна) мораа да се трансформираат и да ги убедуваат владите да не им ги намалат воените буџети. Но, НАТО имаше инаква цел: мораше под итно да најде причина за своето постоење. Логично, воена алијанса имаше потреба од воен непријател, или барем од непријател кој може да се одврати или совлада со воени средства. Краткотрајниот „меден месец“ на некои членки на НАТО како алатка на и со мандат на ООН настана за време на Првата заливска војна во 1990 година, т.е. дури 45 години од основањето на Организацијата. Историските факти покажуваат дека нападот на Ирак врз Кувајт ги затекоа ОН, но и НАТО во геополитички доста нејасна ситуација. ОН не располагаа со воена сила за одбрана на земја која беше предмет на агресија, а НАТО беше во фаза на редефинирање на сопствената смисла и стратегија. Резервите околу инволвирање во Кувајт во американскиот Конгрес беа големи, па не беше ни извесно дали САД би ја повеле операцијата на здружената коалиција. Одлуката на Конгресот беше донесена откако американската политичка и поширока јавност беше соочена со сведочење за наводни грозоморни злосторства врз цивили (и особено породилното одделение) во Кувајт од страна на ирачката војска, откако пред конгресмените се појави млада жена (Наира). Тоа што подоцна се докажа дека девојката била ќерка на амбасадорот на Кувајт во Вашингтон, а не сведок, а дека наводните злосторства никогаш не се ни случиле (New York Times 1992; Knightley 2001), не беше веќе важно: за прв и последен пат САД и одреден број држави членки на НАТО (покрај неколку вон Алијансата, кои создадоа привид на меѓународна алијанса) оствариja мисија со мандат на ОН. Русија и Кина ја одобрија интервенцијата.

Таа краткотрајна епизода ни оддалеку не беше доволна за постоењето на НАТО на подолг рок. И покрај ветувањето дадено на Михаил Горбачов, НАТО дискретно, а потоа и отворено, ја започнува операцијата за обезбедување на нов имиџ и основа за својата релевантност како фактор за ширење на демократија во поранешниот Источен блок. Политиката на проширување имаше (не)очекувани глобални ефекти преку промена на дискурсот за себе и за својата мисија. На пример, за време на Прашкиот самит на НАТО, Тимоти Гартон Еш (2002) ќе ја употреби фразата за „љубовта, мирот и НАТО“, тврдејќи дека поврзувањето на љубовта и мирот со воената алијанса најдобро ги илустрира дискусиите за НАТО – дискусии кои асоцираат на хумани и хуманитарни вредности, мир, слобода и демократија. Тој заклучува: „НАТО стана европско мировно движење. Замислете, Европа е место во кое не започнуваат војни. Како што пееше Џон Ленон ‚Imagine'.“ Мерје Куус успешно ги деконструира практиките преку кои НАТО се иззема од својата воена содржина и се пренесува во сферата на фундаменталните човечки вредности. Таа ги осветлува практиките преку кои воената сила и воените решенија се поврзуваат со моралното добро. Тие практики се од централно значење за милитаризацијата на општествениот живот (2007). Во една подоцнежна статија (2009), таа го дефинира

овој феномен како нормализација на воените институции преку наративот за глобална соработка, именувајќи го како *космополитски милитаризам*. Имено, НАТО ги користи глобалистичките спатијални (просторни) имагинариуми за да ги врами воените пристапи кон политичките проблеми на тој начин што ги прикажува како просветителски и добри (но и нужни). Тој космополитски субјективитет, пак, продуцира телеолошки наратив за природен прогрес во кој политичките актери постепено ги надминуваат своите национални контексти и почнуваат да гледаат на НАТО, но и себе си да се гледаат како промотори на глобалниот мир (2009, p. 559).

Но, вистинската „помош" во одржувањето на претставата за нужноста од воена моќ и потрагата по непријател дојде од страна на Југославија, земјата која не само што се распадна во серија внатрешни и меѓудржавни крвави судири, туку и која покажа дека светот влегува во фаза во која најголемите закани доаѓаат од слабите и распаднати држави кои се судираат по верски, етнички, племенски и слични основи. Откако светот остана нем пред ужасите на геноцидот во Руанда и Бурунди, војната во БиХ беше вистинското место за дејствување на НАТО во воени и хуманитарни цели. Во 1995 година, НАТО доби мандат да воспостави „зона на забранети летови" над Босна за српската авијација. Со Резолуцијата 816 од 31 март 1993 година, Советот за безбедност на ОН ги авторизираше „државите членки да дејствуваат национално или преку регионалните организации за да ја наметнат зоната на забранети летови над Босна. НАТО ја изврши оваа функција." Само четири години подоцна, на Вашингтонскиот јубилеен самит, НАТО ќе ја донесе својата стратегија за дејствување „надвор од својата територија" заради „одговорност да се заштити", и со тоа во од ја легитимираше воздушната интервенција врз тогашната СР Југославија. Во таа операција, изведена само со воздушни сили, до подоцнежното воспоставување на мисијата КФОР на Косово (и изградбата на воената база на САД, Бондстил), НАТО направи обид да се прикаже како неопходна воена сила за хуманитарни цели – нешто што Ноам Чомски го нарече „нов воен хуманизам" (2000).

Терористичките напади врз САД од 9/11 беа втората пресвртница и повод за препород на НАТО. Тоа беше единствениот случај кога беше активиран фамозниот член 5 од Статутот на НАТО, според кој нападот врз една членка на сојузот е напад врз сите. Но, не само што овој член останува проблематичен во читањето и толкувањето, туку е уште подискутабилен по однос на неговата примена. Малкумина потсетуваат (или се сеќаваат) дека по 11 септември 2001 година, НАТО се активираше само симболично и по дозвола на САД: одреден број воени летала на членки на НАТО го прелетаа американскиот воздушен простор, но операцијата во Авганистан беше изведена самостојно од земјата која сметаше дека има право на воена самоодбрана. Поради глобална солидарност и емоционализација на јавниот дискурс, дури и ООН останаа неми на она што беше флагрантен напад врз суверена држава (Авганистан) која беше оквалификувана како

агресор. Осама Бин Ланден не само што немаше авганистанско државјанство, ами беше државјанин на американскиот сојузник Саудиска Арабија; по ниту една основа една личност не можеше да биде легална причина за воен напад врз цела држава. Откако, по иницијалното уривање на режимот на Талибанците, САД се впуштија во долгорочен процес на „градење на нација", а борбите на терен продолжија, членките на НАТО се вклучија во одржување на мисијата низ различни форми (главно, заштита на критички објекти и тренирање на новите авганистански безбедносни сили). Операцијата заврши со војнички пораз во летото на 2021 година, кога светот виде хаотично и панично повлекување на НАТО од земјата која повторно ја завладеаја Талибанците. Фактички, тоа беше првиот воен пораз на НАТО (САД веќе имаше слично искуство од Виетнам, но и од Латинска Америка). Интервенциите врз Авганистан, Ирак (во 2003) и Либија (2011) му создадоа претекст на НАТО за „легитимни" интервенции во земји кои не му беа достоен воен соперник. И војната во Ирак започна со лажен претекст и со кршење на меѓународното право, но освен Велика Британија и новите членки на НАТО од поранешниот Источен блок, т.н. стари демократии се спротивставија на воено инволвирање. Ирак беше точката на длабок раздор, а особено на оската Вашингтон-Париз-Берлин. Сепак, тогашниот британски премиер Тони Блер ја откри мисијата на НАТО во „одбрана на нашите вредности" од оние кои не ја прифаќаат западната политичка и цивилизациска матрица. Исламофобијата го пополни вакуумот, иако експлицитно не беше вградена во стратегиските документи на НАТО. Покрај хегемонот (САД, кој во тој период нема пандан и ужива во униполарниот момент), во парадигмата на т.н. глобална војна против тероризмот се вклучија не само НАТО земјите, туку и оние кои сакаа да докажат дека заслужуваат полноправно членство (како Македонија).

Либиската интервенција на НАТО беше легитимирана со доктрината за „одговорност да се заштити", иако мотивите беа во сферата на геополитиката и геоекономијата. Правната основа за интервенцијата дојде од Резолуцијата 1973 на Советот за безбедност на 17 март 2011 година, а само два дена подоцна силите на САД, Велика Британија и Франција започнаа со воздушни напади врз позициите на Гадафи и во поддршка на неговите противници. На 31 март, НАТО официјално ја презеде командата врз операцијата. Резултатите од тој потфат се и денес видливи, иако апологетите тврдат дека мисијата на НАТО била делумно успешна. Од временска дистанца и врз база на факти од теренот, сосема е јасно дека интервенцијата беше неспорна катастрофа (Kuperman, 2013), а дека НАТО учествуваше не во операција за заштита на цивили, туку во нелегална промена на режим кој заврши со целосна девастацијата на земјата (Ванковска 2020, стр. 17; Киркова 2011). Сличен резултат е и оној во Авганистан (од 2021), само што таа интервенција одбележи 20-годишен неуспех и на САД и на НАТО-сојузниците.

### 3. Војната во Украина: електрошок за будење на НАТО

Наспроти вообичаените тврдења дека војната во Украина започна на 24 февруари 2022 година, фактите зборуваат дека овој судир не само што беше предвидлив, туку беше и предвиден уште во 90-тите години. Фактички, тој започна (со низок интензитет) по обоената револуција (Евромајдан) од 2014 година и следствено со анексијата на Крим од страна на Руската Федерација. Во двете „одметнички" провинции Доњецк и Луганск конфликтот се одвиваше континуирано, но без поголем меѓународен интерес за состојбите со цивилното население и промените во системот на владеење во Киев. Она што во високата политика, но и во академската сфера, привлече поголемо влијание беше феноменот на Втора студена војна, која се поврза со анексијата на Крим. Со други зборови, прашањето беше дали е на повидок *дежа ви* ситуација на глобален/регионален ривалитет меѓу Западот и Руската Федерација, иако втората и економски и воено далеку поинфериорна (и само) од САД. Во поширокиот контекст, феноменот на појава на Втора студена војна од некои автори се бара/ше на оската САД/НАТО и Кина. Впрочем, и најновата студија „НАТО 2030" експлицитно ги посочува и двете големи сили како безбедносна закана за Алијансата.

Кримската епизода од 2014 година мина со силна вербална осуда на анексијата и систем на економски санкции, за кои се покажа дека имаа обратен ефект: ја наведоа Русија да ги развие и да се потпре на сопствените капацитети во многу области. За Западот беше од суштинско значење негацијата на секаква аналогија со преседанот од 1999 година и унилатералното прогласување на независноста на Косово (без референдум, но со отворена поддршка на речиси сите западни земји, и првенствено на САД). Кратенката НАТО (според англискиот акроним) почна да се толкува како *No Action, Talk Only* (нема дела, само зборови – би бил слободниот превод). Потегот на Москва беше јасен и недвосмислено насочен против натамошното проширување на НАТО кон руските граници (покрај заштитата на руското население во Украина). Како одговор на тоа, но и со користење на внатрешните контрадикции и поделби на украинското општество, НАТО инсистираше на „правото на секоја земја да побара членство во Алијансата", што за Украина (и Грузија) беше експлицитно содржано во заклучоците на Букурешкиот самитот на НАТО од 2008 година, и покрај отвореното противење на Русија против приближувањето на НАТО до нејзината „црвена линија". Оттогаш, и отворено и со други посуптилни методи дојде до натоизација на Украина, или како што мнозина укажуваа на креирање држава која *de facto* е членка на НАТО (иако шансите за нејзино формално кооптирање не беа сосема извесни). Но, симболичката војна со Русија веќе беше почната. Така, уредникот на *Wall Street Journal*, изразувајќи го мислењето на американскиот естаблишмент ќе објави дека е „време да почнеме да размислуваме за Путиновата Русија како за непријател на

САД“ (2006). Само неколку години подоцна, Путин ќе стане архетипскиот непријател на Западот, па со тоа и на НАТО.

Украинската територија беше одамна позната како линија на потенцијален и многу веројатен судир меѓу Западот и Истокот, дури и кога таквата терминологија престана да се користи. Украина стана зоната на која се тестираше и политиката на проширување на НАТО како демократизација и зона на мир (или безбедносна заедница), но и на воената моќ на НАТО. Само три години пред воената инвазија, НАТО се соочуваше со кулминација на долготрајната криза на идентитетот. Така, 70-годишниот јубилеј на Лондонскиот самит во декември 2019 година беше одбележен во мачна атмосфера. Аналитичарите се сложија дека колку и да се зборува за роденден на НАТО, настанот повеќе наликуваше на погреб (*Defense News* 2019).

Каква е ползата од НАТО? Ова беше прашањето коешто често се поставуваше веќе подолго време. Уште во 2011 година, во едиторијал на Њујорк Тајмс беше поставено прашањето: „Кому му е потребно НАТО?“ (Wheatcroft 2011). Според авторот, Американците не го криеле своето негодување во врска со влогот на европските партнери во НАТО уште од 1949. Претседателот Ајзенхауер тогаш изјавил: „Тоа што ние имаме трупи таму, тоа не значи дека Европејците го исполниле нивниот удел. Тие не сакаат да направат жртва и да ги подготват своите војници за нивната сопствена одбрана.“ Тој додава и дека „Ако односот на САД со Европа претпоставуваше амбивалентно пазарење од самиот почеток, договорната организација барем еднаш ја покажа својата јасна цел. Сега, ако Американците прашаат зошто тие треба да покријат три четвртини од трошоците на НАТО во време на „политички болен буџет и кратење на субвенциите“, како што кажа Гејтс, тогаш Европејците можат да одговорат со многу посуштествено прашање: која е воопшто смислата на организацијата? Кому му е потребно НАТО?“ Тоа е одек на тезата и критиката на Роберт Каган кој констатираше дека САД се од Марс, а Европа од Венера, алудирајќи на тоа дека првите инвестираат во воена одбрана, а вторите сè повеќе во т.н. мека моќ. Некои аналитичари истакнуваа дека Алијансата едновремено ги загрозува американските животи и ја преплавува државата со бројни стратешки одговорности како резултат на нејзината експанзија (Ruger, 2019; Cancian and Cancian, 2019). *The Wall Street Journal* (25 March 2019) утврди дека Алијансата е ефективно почината. Даглас Мекгрегор (MacGregor 2019) утврди дека да се каже „почината“ не е доволно, бидејќи НАТО е зомби. Според Бари Посен, еден од најеминентните научници во областа на меѓународните односи, претседателот Трамп имал многу лоши идеи, но преиспитувањето на улогата на Америка во НАТО не е една од нив (Posen, 2019). Поранешниот американски претседател Трамп ги обвини европските сојузници за финансиска и воена зависност од американска заштита. Францускиот претседател Макрон изрече остра пресуда за „мозочната смрт“ на НАТО (*The Economist,* 2019). Завршувањето на самитот дојде како олеснување, а

НАТО сепак излезе со заедничка Декларација која дефинираше една амбициозна агенда: меѓународна битка против тероризмот, контрола на вооружувањето, спротивставување на Русија, и за првпат, на подемот на Кина.

Стивен Коен, еден од најдобрите познавачи на руската и на источноевропската историја и политика, уште во 2014 година ќе напише: „Расцепот на новата Студена војна веќе се случува во Европа – не во Берлин, туку на границите на Русија. Полошото следува. Ако силите на НАТО се придвижат кон границите на Полска со Украина, како што се повикува во Вашингтон и Европа, Москва може да испрати трупи во источна Украина. Резултатот би бил опасност од војна која може да се спореди само со Кубанската ракетна криза од 1962“ (2019, 29). Но, дека однесувањето на државите (и нивните сојузи) во меѓународните односи зависи од анархичниот меѓународен систем и од нивната перцепција за својот опстанок, ќе го наведе Мершајмер (1993) уште во 90-тите години да антиципира дека односите меѓу Украина и Русија се зрели за избувнување воен судир меѓу нив. Подоцна и во 2014 година, исто како и во 2022 година, тој ќе повтори дека вината за судбината на Украина треба да се бара на Западот (2014). И покрај навидум инаквата призма на гледање на расцепите во светот, и Хантингтон (2010, стр. 46) ќе се сложи дека е „можна поделба на Украина на два дела, поделба која според културните фактори, би можела да биде понасилна од поделбата на Чехословачка, но помалку крвава од онаа во Југославија“. Во статија од 2014 година, дури и Кисинџер ќе ѝ порача на Украина дека „меѓународно треба да држи позиција слична на таа на Финска. Таквата нација не остава никаков сомнеж за својата цврста независност, соработува со Западот на многу полиња, но внимателно избегнува институционално непријателство со Русија“ (*Financial Times* 2022).

Но, се случи обратното. Решеноста на Украина да влезе во западната сфера на интерес, проследена со дозвола за користење на територијата не само за напредни оружени системи, туку и западни инструктори и бази, од земјата направи фактичка НАТО земја. Продолжувањето на воените дејствија и зголемената цена во човечки животи и деструкција, создава сè поголема фрустрација кај Владата во Киев поради импотенцијата на НАТО. Брисел има добар изговор за немешање во судирот: прво, Украина не е членка на НАТО; второ, не сака да ризикува нуклеарен судир со Москва, и трето, конечно на европските сојузници им докажа зошто е НАТО корисен (со својот безбедносен, но и нуклеарен чадор). Дури и Макрон призна дека војната во Украина дејствувала како „електрошок“ врз НАТО, давајќи му „стратегиска јасност која му недостасуваше“ (Reuters 2022). Како најдобар индикатор за новата животна сила и значење на НАТО се посочува намерата на традиционално неутралните земји, како Финска и Шведска, да му се приклучат на сојузот.

Но, дел од воените аналитичари и стратези сепак гледаат воена немоќ на НАТО. Прво, и покрај сите расположливи разузнавачки информа-

ции за можната интервенција на Русија, план Б не постоеше. Всушност, дури отпосле дојде до најава за внатрешно преструктуирање и стационирање на постојани трупи на источните граници кон Русија (особено на Балтикот и регионот на Црното Море), како и редовен консултативен совет. Иако звучи решително, сепак тоа е импровизација, бидејќи сѐ уште никој не знае кој ќе ги покрие трошоците за таквите постојани бази, со кои војници ќе се пополни, со какво оружје, итн. Всушност, повторно притисокот е врз САД од кои сите европски земји бараат да им биде заштитен чадор. Второ, и покрај огромната воена моќ, во изминатите децении НАТО имаше искуство само во далечни делови на светот кои не располагаа со силна воена моќ, за разлика од Русија. Искуството од Ирак и Авганистан е некорисно (дури и ако се апстрахира воениот неуспех) за судир со голема воена сила низ конвенционално војување. Трето, зад декларативното единство, НАТО не е монолитен блок, затоа што одделни членки калкулираат првенствено со сопствените национални интереси, а дури потоа со колективната солидарност (примерите на Турција и Унгарија се најевидентни).

Растот на НАТО, исто така, значи опаѓање на политичкото, економското и безбедносното влијание на ЕУ, така што генерално губитник во секоја варијанта е ЕУ. Изреката на Лордот Исмаји сега би можела да значи дека дури и војнички неефикасното НАТО има за цел да ја држи ЕУ/Германија долу, САД внатре (во Европа), а Русија – по можност да ја уништи за да може да се фокусира на главниот ривал - Кина. (Патем, инкорпорирањето на Русија во НАТО-структурите никогаш не беше вистинска опција дури и во времето на најголемиот ентузијазам по завршувањето на Студената војна).

**4. Заклучни разгледувања**

Имајќи ја во вид сета сложеност на ситуацијата во и околу Украина, логично се поставуваат две прашања: прво, зошто Киев инсистира/ше на членство во НАТО (што е внесено дури и во Уставот на земјата како обврска на сите институции)? И зошто, НАТО упорно не само што инсистира на правото на Украина да стане членка, туку и практично ја опремува и обучува свесен дека до тоа формално членство нема да дојде во догледно време? Одговорите на овие прашања бараат поопширен труд.

Она што е релевантно за овој труд е позицијата на НАТО сега кога толку предвидливиот воен судир се случи, и не само што не се смирува, туку и ескалира најмногу под притисок на западните сојузници кои воено инфериорната Украина ја храбрат да не попушта и да не прифаќа дипломатско решение. Првиот заклучок е дека системот на колективна безбедност, дури и во случај на отворена агресија (од страна на постојана членка на Советот за безбедност на ОН), е во колапс. И тоа уште од времето кога западните сојузници влегуваа во воени авантури без никаква посилна меѓународна реакција. Сега, и покрај активирањето на механизмот „Обе-

динети за мир“ и изгласувањето на Резолуцијата на Генералното собрание со кое се осуди агресијата врз Украина, војната и натаму тече (во време на пишување на овој труд). Не само што никакви дипломатски напори не се вложуваат (барем во контекст на Договорите Минск 1 и 2), туку Западот постојано внесува нови количини оружје и ја храбри Владата во Киев дека може да победи нуклеарна сила која е далеку посупериорна. Дипломатијата во моментов не е опција. Тоа е став не само на НАТО/САД, туку и на ЕУ.

Жестокоста на судирот во Украина покажува дека Првата студена војна никогаш и не завршила, а гледано историски – империјалниот систем кој му претходеше на биполаризмот беше само привремено притаен поради нарушениот однос на моќ меѓу големите сили. Во право се и Миршајмер и Хантингтон: поделбата на колективен Запад и „Останатите“ (West and the Rest) се зацврстува на подолг рок, како на воено-политички, така и на цивилизациски план. Од оваа призма гледано, поимот на Студена војна е само ознака за војување во кое нема употреба на нуклеарниот арсенал.

Светот е веќе во фаза на нестабилен мултиполарен систем во кој се издвојуваат три големи сили: првенствено САД (со европските и други западни сателити) и Кина, а потоа и регионалните моќни актери како Русија, Индија, Бразил итн. Во мултиполарен систем, НАТО нема и не може да има (еден) дефиниран непријател, а за повеќе – нема воена сила и способност (поради целосната зависност од преку 75 отсто од американскиот воен потенцијал). Во тој контекст, НАТО останува корисен сè додека САД имаат полза од него, и второ – само во однос на зачувување на балансот на силите во Европа. Глобално НАТО е не само неможно, туку и непотребно. САД веќе дејствуваат преку *ad hoc* коалиции во другите делови на светот без консултации со членките на НАТО. Но, иднината на НАТО е гарантирана од две причини: прво, согласно „железниот закон на олигархијата“ (познат од институционалната социологија на Макс Вебер), НАТО чини и ќе чини сè за да докаже дека е полезен, па дури и неопходен поради зачувување на својата егзистенција и редовно финансирање (Ванковска 2020); второ, тој е сè уште атрактивен како „безбедносен чадор“ за помалите европски земји кои во него гледаат некој кој ги штити и кој ги дисциплинира (особено во ситуации на внатрешни судири, како оној меѓу Грција и Турција).

Ефектите од глобалната редистрибуција на моќта во Европа се видливи во димензиите на општата милитаризација, како: јакнење на воено-индустриски комплекс, неверојатен раст на профитот на воените корпорации; растење на воените буџети на земјите членки на НАТО (она што не му успеа на Трамп кој ги уценуваше сојузниците да го подигнат нивото на трошење за воени цели на 2 отсто од бруто-националниот доход му успева на Бајден); Германија го триплира воениот буџет – што на подолг рок не одговара на очекувањата дека НАТО ќе ја држи „долу“ (за да не се повторат Првата и Втората светска војна), но секако ја оневозможува опцијата за силна Европа во која Германија и Русија би соработувале мирољубиво;

Швајцарија отворено излегува надвор од правилата на однесување на неутралните земји, а Финска и Шведска размислуваат за брзо зачленување во НАТО. Голем број аналитичари сметаат дека со воената инвазија, Путин му ја исполни најголемата желба на НАТО – не само што го заживеа, туку и го поттикна неговото ширење. САД не само што се „внатре", на европскиот континент, туку ја засилија својата доминација врз сојузниците кои сега се и воено и енергетски уште позависни од нив. Според некои видувања, Брегзит има и воено влијание врз безбедноста на ЕУ: идејата за европска армија паѓа во вода сега кога ЕУ станува сектор за економска поддршка на НАТО, а притоа без поморски сили во сегашната констелација нема да може да смета на сопствена заштита. Соработката со Велика Британија и САД е затоа уште понеопходна, а Британија иако надвор од ЕУ се враќа на мала врата во европската безбедносна политика.

Тоа, сепак, не значи дека НАТО станува хармонична организација. Прво, алијансата е сè уште прашање кое силно влијае на (не)стабилноста на некои влади (Германија), но и на регионалните расцепи (грчко-турскиот спор). На прв поглед се чини дека НАТО доживува ренесанса по очекувана „клиничка смрт". Но, таа симболичка победа може да биде пирова и за Западот и за целиот свет. Ако НАТО долго време градеше имиџ на „безбедносна заедница" (простор во кој војната е невозможна), се чини дека неговото ширење беше самоисполнувачко пророштво, бидејќи води до спротивен резултат – простор на постојан страв, небезбедност и подготвеност за воени судири. Зависноста на Европа ќе биде сериозен проблем за тие земји во моментот кога САД ќе се посветат на судирот со Кина: или ќе останат на периферијата, или ќе мораат да се вклучат во судир од огромни пропорции.

Трансформацијата на НАТО и редефинирањето на трансатлантските односи зависи од промените во системот на меѓународни односи (Киркова 2010), но крајниот исход на оваа трансформација во услови на дефинитивен колапс на сегашниот поредок (како и да се дефинира) е создавање на мултиполарен систем со неизвесен тек. Во моментов, со намерното продолжување на војната во Украина по секоја цена, САД (со помош на НАТО) се обидува да го исцрпи и ослаби рускиот ривал, за потоа да може да се справува со Кина за која прогнозите велат дека ќе стане еквивалент на американската моќ до 2030 година. Се чини дека американскиот естаблишмент и европските сојузници не се доволно свесни за бумеранг-ефектот од санкциите наметнати врз Русија. Воената моќ може на крајот да се покаже како фактор кој нема пресудно влијание врз нивната меѓународна позиција и внатрешна безбедност и стабилност.

**Литература**

Cancian, Matthew, and Mark Cancian, "It Is Long Past Time to Stop Expanding NATO," *The War on the Rocks*, 1 March 2019, достапно на https://warontherocks.com/2019/03/it-is-long-past-time-to-stopexpanding-nato/ (пристапено на 22 април 2022).

Chinkin Catherine, "The Legality of NATO's Action in the Former Republic of Yugoslavia (FRY) under International Law", *The International and Comparative Law Quarterly*, 49(4), October 2000.

Chomsky Noam, *The new military humanism: lessons from Kosovo*, London: Pluto Press, 1999.

Cohen Stephen F., *War with Russia? From Putin and Ukraine to Trump and Russiagate*, New York: Hot Books.

*Defense News*, "'This could get a little ugly.' What to watch for at the NATO leaders summit", 16 November 2019, достапно на https://www.defensenews.com/global/europe/2019/11/16/this-could-geta-little-ugly-what-to-watch-for-at-the-nato-leaders-summit/ (пристапено на 22 април 2022).

*Financial Times*, "Letter: Remember Kissinger's advice to the Ukrainians", 28 February 2022, достапно на https://www.ft.com/content/c43f8269-b302-487a-8789-bd8a137f1 dd6 (пристапено на 22 април 2022).

Fukuyama Francis, *The End of History and the Last Man*, Free Press, 1992.

Ganser Daniele, *NATO's Secret Armies - Operation Gladio and Terrorism in Western Europe*, NY: Routledge, 2004.

Хантингтон Семјуел Ф., *Судирот на цивилизации и преобликувањето на светскиот поредок*, Скопје: Евро-Балкан пресс, 2010.

Ismay Lord, *NATO - the first five years, 1949-1954*, достапно на https://archives.nato.int/uploads/r/null/2/1/216977/NATO-The_first_5_years_1949-1954__by_Lord_Ismay_.pdf (пристапено на 22 април 2022).

Киркова Рина, *Иднината на НАТО. Редефинирање на трансатлантското сојузништво*, Аутопринт: Скопје, 2010.

Киркова Рина, „Легитимноста на употребата на сила: случајот Либија", *Безбедносни дијалози*, вол. 2, бр. 2, 2011.

Knightley Phillip, "The disinformation campaign", *The Guardian*, 4 October, 2001, достапно на https://www.theguardian.com/education/2001/oct/04/socialsciences.highereducation (пристапено на 22 април 2022).

Kuperman Alan, "A Model Humanitarian Intervention? Reassessing NATO's Libya Campaign", *International Security*, 38(1), September 2013.

Kuus Merje, *Geopolitics Reframed. Security and Identity in Europe's Eastern Enlargement*, NY: Palgrave Macmillan, 2007.

Kuus Merje, "Cosmopolitan militarism? Spaces of NATO expansion", *Environment and Planning* A, vol. 41, 2009.

John Loftus, *America's Nazi Secret: An Insider's History*, Trine Day, 2010.

MacGregor Douglas, “NATO Is Not Dying. It’s a Zombie,” *The National Review*, 31 March 2019, достапно на https://nationalinterest.org/feature/nato-not-dying-it%E2%80%99szombie-49747 (пристапено на 22 април 2022).

Mearsheimer J. John, “Why We Will Soon Miss the Cold War”, *The Atlantic Online,* August 1990, достапно на https://www.theatlantic.com/past/docs/politics/foreign/mearsh.htm (пристапено на 22 април 2022).

Mearsheimer J. John, “The Case for a Nuclear Deterent”, *Foreign Affairs*, vol. 72, no. 54, Summer 1993.

Mearsheimer J. John, “Why the Ukraine Crisis Is the West’s Fault: The Liberal Delusions That Provoked Putin”, *Foreign Affairs,* Vol. 93, No. 5, 2014.

Mearsheimer J. John, “Back to the Future: Instability in Europe after the Cold War”, *International Security,* vol. 15, no. 1, 1990.

*New York Times*, “Deception on Capitol Hill“, 15 January 1992, достапно на https://www.nytimes.com/1992/01/15/opinion/deception-on-capitol-hill.html (пристапено на 22 април 2022).

Posen Barry, “Trump Aside, What’s the U.S. Role in NATO?”, *The New York Times*, 10 March 2019, достапно на https://www.nytimes.com/2019/03/10/opinion/trump-aside-whats-theus-role-in-nato.html (пристапено на 22 април 2022).

*Reuters*, „Russia’s invasion of Ukraine gave NATO an electric shock, says Macron“, 18 March 2022, достапно на https://www.deccanherald.com/international/world-news-politics/russias-invasion-of-ukraine-gave-nato-an-electric-shock-says-macron-1092346.html 2022 (пристапено на 22 април 2022).

Rockhill Gabriel, “Nazis in Ukraine: Seeing through the fog of the information war”, *Liberation News*, 30 March 2022, достапно на https://www.liberationnews.org/nazis-in-ukraine-seeing-through-the-fog-of-the-information-war/ (пристапено на 22 април 2022).

Rockhill Gabriel, “The CIA Reads French Theory: On the Intellectual Labor of Dismantling the

Cultural Left”, *The Philosophical Salon,* 28 February 2017, достапно на https://thephilosophicalsalon.com/the-cia-reads-french-theory-on-the-intellectual-labor-of-dismantling-the-cultural-left/ (пристапено на 22 април 2022).

Ruger William, “NATO at 70: Will Continued Expansion Endanger Americans?”, *The War on the Rocks*, 4 April 2019, достапно на warontherocks.com/2019/04/nato-at-70-will-continued-expansionendanger-americans/ (пристапено на 22 април 2022).

Stephens Bret, “Russia: The Enemy”, *Wall Street Journal*, November 28, 2006, достапно на https://www.wsj.com/articles/SB116468651000734270, (пристапено на 22 април 2022).

*The Economist*, “Emmanuel Macron in his own words (English)”, transcript of the interview with the French president as of 21 October 2019, достапно на

https://www.economist.com/europe/2019/11/07/emmanuel-macronin-his-own-words-english (пристапено на 22 април 2022).

*The Wall Street Journal*, "NATO Is Dying, but Don't Blame Trump", 25 March 2019, достапно на https://www.wsj.com/articles/nato-is-dying-butdont-blame-trump-115535 55665 (пристапено на 22 април 2022).

Ванковска Билјана, *Членството во НАТО: на линијата на фронтот?*, Скопје: Филозофски факултет, 2020.

Vankovska Biljana, "The Cold War II: Just Another Misnomer?, *Contemporary Macedonian Defence*, vol. 14, mo. 26, 2014.

Wheatcroft Geoffrey, "Who Needs NATO?", *New York Times*, 15 June 2011, достапно на https://www.nytimes.com/2011/06/16/opinion/16iht-edwh eatcroft16.html (пристапено на 22 април 2022).